УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Ангажирање на тим од експерт(к)и/обучувач(к)и за подготовка и реализација на обука на тема „Циркуларна економија и заштита на животната средина“, во рамки на акцијата „Од отпад до уметност: Младите ја кројат иднината“

Реф. Бр. 06-07/1

1. За АГОРА – Центар за промовирање на граѓански вредности

Здружението на граѓани „АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ Скопје е доброволна, невладина, непартиска и непрофитна организација која работи на национално ниво во Македонија основана во 2001 година, со седиште во Скопје. Визијата на оваа организација е успешен демократски напредок на луѓето и заедниците. Целта на АГОРА е развој на демократското општество преку унапредување на локалните заедници и граѓанскиот сектор, преземајќи активности за зајакнување на родовата еднаквост, доброто управување и економскиот развој во Македонија и пошироко. Мисијата на здружението е јакнење на сите општествени чинители и промовирање процеси кои ќе доведат до развој на демократското општество. Здружението активно работи на:

- Промовирање на родовата еднаквост преку анализи, обуки, менторство, техничка поддршка, застапување и активности за воведување на принципот на родова еднаквост во сите сфери на општественото дејствување,
- Промовирање на партиципативни методи за донесување одлуки во општините и институции и организации на други нивоа на власт,
- Поддршка на локалниот економски развој и младинското претприемништво преку соработка со деловниот сектор и обуки, вмрежувања и техничка помош.

Активностите на АГОРА ги користат граѓаните, граѓанските организации, локалните и државните институции, бизнис секторот, активни млади лица и медиумите.

2. За акцијата „Од отпад до уметност: Младите ја кројат иднината“

Текстилниот отпад е еден од најголемите еколошки проблеми во Северна Македонија, затоа што најголемиот дел од него завршува на депонии - без селекција, реупотреба или рециклирање., што сериозно ги загадува почвата, водите и воздухот. Младите имаат ограничени можности за практична примена на еколошки активности. Затоа, се

наметнува потребата од едукативни акции на локално ниво кои ќе ја трансформираат перцепцијата за текстилниот отпад и ќе создадат трајни еколошки навики кај нив како носители на зелени промени во заедницата. Целни групи на проектот се средношколци, наставници и училишен кадар, како и граѓани од локалната заедница.

Главна цел на акцијата е да придонесе кон зголемена еколошка одговорност и практична примена на принципите на циркуларна економија кај младите и локалните заедници, преку едукативни, креативни и социјално-инклузивни активности за реупотреба на текстилен отпад. Истата се реализира во три средни училишта - две во Скопскиот и едно во Североисточниот регион во земјата и комбинира образование, практична креативна работа и јавна промоција.

Специфични цели на акцијата се:

- Зголемена свест и унапредено знаење кај средношколците за влијанието на текстилниот отпад врз животната средина и циркуларната економија.
- Зајакнати институционални и човечки капацитети на училиштата за континуирано спроведување активности поврзани со текстилен отпад и циркуларна економија.
- Подобрена јавна информираност и позитивна перцепција во локалната заедница за принципите на циркуларната економија и реупотребата на текстилен отпад.

Очекувани резултати:

- Зголемени знаења и практични вештини кај средношколците за циркуларна економија и реупотреба на текстилен отпад.
- Воспоставен одржлив модел за собирање и реупотреба на текстилен отпад во таргетираните училишта.
- Зголемена јавна информираност и позитивна перцепција за циркуларната економија и улогата на младите.
- Активно вклучување на локалната заедница преку јавни настани и уметнички интервенции.

Главни активности:

- Акции за собирање и креативна реупотреба на текстилен отпад во соработка со училиштата и општините;

- Едукативни еко-работилници за циркуларна економија и заштита на животната средина;
- Изработка, поставување и јавно промовирање на уметничка инсталација од реупотребен текстил;
- Организација на училишни базари за продажба на изработени производи и транспарентно реинвестирање на средствата;
- Комуникација и активности за јавна видливост на проектот.

3. Општи информации за ангажманот

Во рамки на активноста за спроведување еко-работилници за циркуларна економија и заштита на животната средина со цел јакнење на капацитетите на средношколците за заштита на животната средина и промовирање на принципите на циркуларната економија, ќе бидат ангажирани двајца обучувачи – тим од експерти од областа на циркуларната економија. Нивната улога е да подготват и спроведат едукативна програма која ќе им овозможи на средношколците да стекнат знаења и практични вештини за одржливо управување со текстилниот отпад, негово собирање, рециклирање и повторна употреба.

Обуките ќе опфатат 90–120 ученици од три средни училишта (СОУ„ Перо Наков“ во Куманово, СУГС „Никола Карев“ во Скопје и СУГС „Кочо Рацин“ во Скопје) и ќе придонесат кон подигнување на свеста за еколошките, социјалните и економските придобивки од циркуларната економија, како и кон развивање на активен и одговорен однос на младите кон животната средина и јавните политики поврзани со одржливиот развој, со фокус на текстилниот отпад.

Двајцата обучувачи ќе бидат одговорни за подготовка и реализација на теоретскиот дел од програмата за обука со фокус на следните теми: принципи за заштита на животната средина, влијанието на и управувањето со текстилниот отпад (вклучително родовите и институционални аспекти), концептот на циркуларна економија, доброто владеење и транспарентноста при заштитата на животната средина. Покрај теоретски, обуката ќе вклучува и практичен дел, кој што ќе биде подготвен и реализиран во соработка со веќе избрана експертка. Таа со своето искуство, ќе придонесе за практична примена на принципите на циркуларната економија и инклузивниот развој во модната индустрија кај средношколците.

Севкупната обука која комбинира теоретски и практичен дел, се очекува да биде спроведена преку вкупно 12 интерактивни работилници во период од два месеци, односно по две до тричасовни работилници за две групи од по 15-20 ученици во секое од трите училишта опфатени со проектот.

Избраните обучувачи - тим од експерти, ќе бидат одговорни за:

- подготовка на програма и методологија за спроведување на обуката, во согласност со целите и целната група на проектот и во соработка со веќе избрана експертка одговорна за практичниот дел од работилниците;
- подготовка на агенда и план за реализација на работилниците;
- подготовка на презентации, вежби и други работни материјали за обуката;
- подготовка на прашалници за мерење на знаењето на учениците пред обуката и по нејзиното завршување.
- спроведување на обуката со интерактивен и практично ориентиран пристап (дискусии и поттикнување размена на искуства помеѓу учесниците);
- координација со проектниот тим, со експертката одговорна за практичниот дел, училиштата и другите вклучени чинители при планирањето и спроведувањето на активностите;
- подготовка на краток извештај по завршување на обуката, со осврт на реализираните активности, предизвици, постигнати резултати, научени лекции и препораки за функционален систем за управување со отпаден текстил во трите училишта.

Обуките ќе се реализираат во периодот од 1 октомври до 30 ноември, а точните датуми ќе бидат дефинирани во соработка со трите горенаведени училишта опфатени со проектот.

4. Очекувани резултати

- Осмислени и спроведени интерактивни теоретски работилници со вкупно 90-120 средношколци од СОУ „Перо Наков“ во Куманово, СУГС „Никола Карев“ во Скопје и СУГС „Кочо Рацин“ во Скопје на тема „Циркуларна економија и заштита на животната средина“ (развиена програма, методологија, агенда и други материјали за спроведување на обуките, вклучително прашалници за мерење на знаењето пред и по обуката).
- Завршен извештај со постигнати резултати, научени лекции и препораки за понатамошно унапредување на управувањето со отпаден текстил во училиштата.

5. Временска рамка и надоместок

Ангажманот опфаќа вкупно 14 работни денови (112 часови) и треба да се реализира во периодот 1 август -1 декември 2026 година. Максималниот расположлив буџет кој ги покрива сите обврски и трошоци на експерт(к)ите за реализација на ангажманот изнесува 92.400,00 денари.

6. Услови за ангажирање на тимот од експерт(к)и

За реализација на ангажманот, потребни се двајца експерт(к)и кои ги исполнуваат следниве критериуми:

- високо образование во областа на циркуларната економија, животна средина, одржлив развој, управување со отпад, текстилна индустрија или сродни области;
- најмалку 3 години професионално искуство во областа на циркуларната економија, управување со отпад (особено текстилен отпад), одржлив развој или животна средина;
- докажано искуство во развој на едукативни содржини, наставни програми, прирачници и материјали за обуки;
- искуство во подготовка и спроведување на обуки, работилници или други образовни активности за млади, при што предност ќе имаат кандидати со искуство во работа со средношколци;
- добро познавање на концептите и принципите на циркуларна економија, одржливо управување со ресурси, управување со отпад и зелена транзиција;
- искуство во користење интерактивни и партиципативни методи на учење;
- одлични организациски, комуникациски и презентациски вештини.

7. Критериуми за евалуација на понудите

Доставените понуди ќе бидат оценувани врз основа на следните технички и финансиски критериуми:

Критериум	Максимум поени
Релевантно образование	10
Професионално искуство во циркуларна економија, животна средина и/или управување со отпад	25
Искуство во развој и спроведување на обуки за млади	25
Квалитет на доставени референтни материјали	10
Финансиска понуда	30
Вкупно	**100**

8. Начин на пријавување

Начинот на пријавување е детално опишан во документот „Барање за прибирање на понуди“, кој е составен дел од тендерската документација.

Сите заинтересирани физички или правни лица коишто ќе се пријават неопходно е да ги исполнуваат сите услови наведени во точка 6.

Понудата треба да ги содржи следниве информации:

- Стручна биографија на експерт(к)ите;

- Референтна листа на релевантни ангажмани (подготовка и испорака на обуки за млади од областа на циркуларната економија, животната средина, управувањето со отпад);

- Примери од развиени едукативни програми и материјали за обука;

- Финансиска понуда (документ во прилог, анекс 1);

- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност (документ во прилог, анекс 2).

Понудата се доставува скенирана електронски на contact@agora.org.mk со назнака: „За повик Реф. Бр. 06-07/1 “.